## АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува


Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 17-10-2016 | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4943 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 2 октомври до 11 октомври 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 17 октомври 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма").
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект").
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Од централните изданија на Дневникот од 16 часот и 30 минути во продукција на Радио Слободна Македонија, емитувани во периодот од 2 до 11 октомври, методолошки беа изделени вкупно – 1 час и 40 минути новинарски прилози за актуелни внатрешно-политички и општествени теми, со што не беше постигнат минималниот аналитички примерок од 2 часа.

***Посебни информативни емисии***

*Дебати*

На 10 октомври, од 11 часот во емисијата „Кворум" емитувана е дебата помеѓу универзитетските професори Александар Даштевски и Митко Гаџовски, вклучен преку телефонско јавување. Основна тема е посетата на еврокомесарот Јоханес Хан на Скопје, со најавени средби со потписниците на „Договорот од Пржино", а придружни теми се – условите за избори на 11 декември и претпоставки за изборните стратегии на власта и на опозицијата. На крајот на емисијата Даштевски, од аспект на човековите права, се осврнува на збирката документи насловена „Црните страници на УДБА", издание на Архивот на Македонија. Реприза на дебатата е емитувана од 21 часот истиот ден, и од 1 часот по полноќ на 11 октомври.

*Интервјуа*

На 2 октомври од 14 часот (со реприѕи на 8 октомври од 7 наутро, и на 9 октомври по полноќ), редовното издание на емисијата „Живот - за семејните, за моралните и социјалните вредности" која се реализира во соработка д-р Крсте Маљановски, советник за труд и социјална политика на претседателот на Владата, претставува интервју за актуелните и за планираните владини проекти од областа на социјалната заштита: *„Се грижиме за топол дом"; „Советувалиште за брак и семејство"; „Патролна социјална работа"; „Дисперзирани одделенија на центрите за социјална работа"; „Отворени денови"; „Условен паричен надоместок"; „Инклузивни детски игралишта" и „Згрижувачките семејства во РМ".* Интервјуто не претставува сувопарно набројување и промоција политички проекти, туку е практично, детално упатство за целните групи слушатели што имаат непосредна потреба и корист од работата на Министерството за труд и социјална политика.

На 3 октомври, премиерно од 11 часот (со реприѕи од 21 часот истиот ден, и од 1 по полноќ на 4 октомври), емитувана е актуелно-информативната емисија „Кворум", чија тема е насловена – *„Мали партии, големи коалиции"*, реализирана како интервју со Ивон Величковски, лидерот на Либералната партија. Покрај рекапитулација на работата на Либералната партија низ изминатите изборни циклуси, Величковски ја претставува и стратегијата на партијата на претстојните избори, и можните коалиции меѓу партиите вон блоковите на ВМРО ДПМНЕ и на СДСМ.

На 5 октомври, во емисијата „Круг" (премиерно од 11 часот, репризно од 21 часот истиот ден, и од 1 по полноќ на 6 октомври), емитувано е интервју со Филип Петровски, директор на Архивот на Македонија, во врска со едицијата - „Црните страници на УДБА".

На 6 октомври (премиерно од 11 часот, репризно од 21 часот истиот ден, и од 1 часот по полноќ на 7 октомври), актуелно-информативниот, политичко-економски магазин „Бројки", реализиран е во два дела - како новинарски рекапитулар на најважните економски настани од работната недела, и како интервју – во кое соговорник е Диме Спасов, најавен како заменик министер за труд и социјална политика. Повод за интервјуто се два најавени проекта на Министерството за труд и социјална политика: изградба на 140 нови детски градинки и оглас за кредитирање за самовработување. Во текот на получасовното интервју Спасов екстензивно ги набројува старите, тековните и предвидените социјални проекти на Министерството, при што, преку куси референци ги поврзува со различни периоди од програмската понуда на ВМРО ДПМНЕ.

7 октомври (премиерно од 11 часот, репризно од 21 часот истиот ден, и на 8 октомври од 1 часот по полноќ), изданието на емисијата „Пулт" ја тематизира улогата на меѓународната заедница во остварувањето на предвремените парламентарни избори, пред сè преку активностите на европратеникот Ричард Ховит и неговата јавна поддршка за политиките на опозицискиот СДСМ. Политичката анализа на (не)објективноста на ваквите јавни настапи на влијателни претставници на меѓународната заедница, во емисијата е реализирана преку интервју со д-р Иванка Додовска, универзитетска професорка по историја на правото.

На 8 октомври (премиерно од 11 часот, репризно на 9 октомври од 1 часот по полноќ), во емисијата „Радио полиграф" гостува Павле Трајанов, челникот на Демократскиот сојуз, пред сè како подносител на предлозите за измени во законите по кои функционира Специјалното јавно обвинителство. Анализата се проширува врз потенцијалите и програмата на Демократскиот сојуз, врз политичките услови за спроведување на предвремените парламентарни избори, а Трајанов зборува и за безбедносната состојба на Македонија со оглед на бегалската, на регионалната и на внатрешната политичка криза.

На 9 октомври, во емисијата „Живот", премиерно од 14 часот, д-р Крсте Маљановски, советникот за труд и социјална политика на Претседателот на Владата, говори стручно за општественото и за социо-психолошкото значење на градинките и на старските домови како општествени институции.

*Други информативни програми*

На 4 октомври (премиерно од 17 часот, и репризно на 5 октомври од 4 часот по полноќ), емисијата „Поента" со проф. д-р Тања Каракамишева, работена е под наслов (цитат): *„Човековите права во Република Македонија во цензорски клинч - секако провоцирана од двете поведени прекршочни постапки од страна на ад-хок телото и Агенцијата за аудиовизуелни медиумски услуги на Репубика Македонија, против два електронски медиума во земјата, телевизија Сител и телевизија Нова."* Анализата поаѓа од општите правно-политички одредби за оваа проблематика пропишани со Уставот на Република Македонија, имајќи ги предвид медиумските права и слободи во постојните институционални и законски регулаторни рамки за македонската медиумска сфера.

На 7 октомври (премиерно од 17 часот, и репризно на 8 октомври од 4 часот по полноќ), во актуелно-информативното издание на емисијата „За дипломатијата со Никовски", теми се меѓусоседските односи на релација Македонија – Бугарија – Грција, и најавената посета на еврокомесарот Јоханес Хан на Скопје, за проверка дали се спроведува „Договорот од Пржино".

На 11 октомври од 17 часот, емисијата „Поента" со проф. д-р Тања Каракамишева претставува анализа на (цитат): *„Неодамна откриените, односно протечени тајни документи коишто се најдоа на веб-страната на soros.dc.lix. Се работи за тајни документи што беа јавно објавени и достапни, би рекла за сите граѓани на планетата Земја, во месец август оваа година. На оваа веб-страна протекоа вкупно 2576 фајлови со тајни документи од бројни невладини организации, финансирани од тајкунот Џорџ Сорос, кои се чини фрлија 'нова светлина' во политиката."* Д-р Каракамишева зборува за начините и за стратегиите со кои Сорос, (цитат): *„империјалистички моќник, со гебелсов ум и роботска бездушност"*, врши влијание во глобалната светска политика, со посебен акцент врз регионалните, балкански состојби, и врз македонскиот политички систем (цитат): *„Она што сега е на сцена, е класична форма на неофашистичка политика, на политичко освојување туѓи држави со примена на современи методи и тактики на потчинување на политичарите, а преку нив и на граѓаните во конкретните земји. Ова потчинување треба да доведе до целосна политичка сервилност на политичките елити во земјите кои ќе бидат принудени да работат единствено и само за туѓите интереси. Токму затоа и парите што се истураат во Република Македонија за постигнување на овие цели се неверојатни - тие се фрапантни. Колку е поголем влогот што се става во земјата, толку се поголеми и интересите на финансиерот"*.

***Сектор за програмски работи***